**РЕГУЛАТИВА (ЕУ) Бр. 2016/1158 на КОМИСИЈАТА**

**од 15 јули 2016 година,**

**со која се изменува и дополнува Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014, во врска со бришењето на обрасците за одобренија кои им се издаваат на оператори од трети земји и со нив поврзаните спецификации**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, од 20 февруари 2008 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Европската агенција за безбедност на воздухопловството, и за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ на Советот ([1]), и особено член 9(4) на истата,

со оглед на тоа што:

(1) Во Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014 на Комисијата ([2]), се наведува како на операторите со воздухоплови од трети земји, наведени во член 4(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, кои вршат сообраќај во комерцијалниот воздушен превоз во, во рамките на или вон територијата што подлежи на одредбите од Договорот, им се издава одобрение што се однесува на важечките стандарди на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO). Во таа регулатива, во Додатоците I и II кон нејзиниот Анекс 2 (Дел–ART) се дадени обрасци за одобрението и со него поврзаните спецификации.

(2) Искуството од примената на Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014, покажа дека, со цел навремено да се земат предвид честите измени на стандардите на ICAO, овие обрасци би требало редовно да се менуваат и дополнуваат, што резултира со непотребно административно оптоварување. Условот да се користат овие обрасци не е оправдан, бидејќи Европската агенција за безбедност на воздухопловството и без тој услов може самата да ги утврди и ажурира потребните обрасци. Заради тоа, тој услов и тие обрасци треба да се избришат од Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014.

(3) Заради тоа, Регулативата (ЕУ) бр. 452/2014 треба соодветно да се измени и дополни.

---

([1]) Сл. весник. L 79, 19.3.2008, стр. 1.

([2]) Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014 на Комисијата, од 29 април 2014 година, за утврдување на технички услови и административни процедури во врска со операциите на летање на авиопревозниците на трети земји согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник. L 133, 6.5.2014, стр. 12).

(4) Мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот, основан со член 65 од Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008.

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Анекс 2 кон Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014 се менува и дополнува согласно Анексот кон оваа регулатива.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји–членки

Брисел, 15 јули 2016 година.

*За Комисијата*
*Претседател*
Жан–Клод ЈУНКЕР

---

*АНЕКС*

Анексот 2 кон Регулатива (ЕУ) бр. 452/2014 се менува и дополнува како што следи:

(1) точка ART.210(a) се заменува со следното:

'(a) Агенцијата го издава одобрението, вклучително и со него поврзаните спецификации, кога:

(1) е уверена дека операторот од трета земја има важечко АОС или еквивалентен документ, како и со него поврзани спецификации кои ги издала земјата на операторот;

(2) е уверена дека земјата на операторот му одобрила на операторот од трета земја да врши летови во ЕУ;

(3) е уверена дека операторот од трета земја воспоставил:

(i) придржување кон важечките услови од Дел–TCO;

(ii) прегледна, соодветна и навремена комуникација како одговор на понатамошната процена и/или ревизија на Агенцијата, по потреба; и

(iii) навремена и успешна поправна мерка како одговор на утврдено непридржување, ако постои такво;

(4) не постојат докази за поголеми недостатоци што се однесува на способноста на земјата на операторот или земјата на регистрација, што е применливо, да му издаде уверение и да врши надзор на операторот и/или воздухопловот согласно важечките стандарди на ICAO;

(5) подносителот на барањето не е предмет на забрана за летање согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 2111/2005.';

(2) Додатоците I и II се бришат.

____________